**Врз основа на член 390 став 10 од Законот за трговските друштва, Скопски пазар А.Д. во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз - увоз Скопје, објавува:**

# РЕВИДИРАН ДНЕВЕН РЕД

За одржување на Годишно Собрание на акционери на Скопски пазар АД - Скопје на ден 07.06. 2019 година (петок) со почеток во 09:00 часот во просториите на Дирекцијата на Скопски пазар АД Скопје на ул."Ѓорче Петров" бр.7 - заден влез во дирекција на кат 2 во салата за едукации - Скопје, со следниот дневен ред:

1. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:

утврдување на кворум за работа, избор на претседавач на собрание, избор на бројачи на гласови, нотар како записничар

2. РАБОТЕН ДЕЛ:

Донесување на:

- одлука за усвојување на ревидирана годишна сметка со состојба и за годината што завршува на 31.12.2018 година, со предлог Одлуки
- одлука за усвојување на ревидирани финансиски извештаи со состојба и за годината што завршува на 31.12.2018 година, со предлог Одлуки
- одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на Скопски пазар АД за 2018 година, со предлог Одлуки
- разгледување на извештајот на Ревизорската куќа Grant Thornton-Скопје од извршената ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Скопски пазар АД Скопје за 2018 година
- одлука за употребата на чистата добивка остварена по ревидирана годишна сметка и ревидирани финансиски извештаи за 2018 година, со предлог Одлука
- одлука за распоредување на неискористени средства од минати години наменети за вложување во инвестициски фондови, со предлог Одлуки
- одлука за вложување во инвестициски фондови, со предлог Одлука
- одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Управниот одбор за 2018 година (колективно и поединечно), со предлог Одлуки
- одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Надзорниот одбор за 2018 година (колективно и поединечно), со предлог Одлуки
- Избор на членови на Надзорен одбор, со предлог Одлуки
- одлука за измена на Статутот на Скопски пазар АД Скопје, со предлог Одлуки
- одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи во 2019 година, со предлог Одлука

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.**

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото е должен е да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите се вршат во Дирекцијата на Друштвото (ул."Ѓорче Петров" бр. 7 во трговско - административниот центар СП Планет, кат 2 - канцеларија на директорот за финансии).

Доколку пријавувањето е непосредно пред почетокот на седницата на Собранието, пријавувањето се врши во Дирекцијата на Скопски пазар А.Д. Скопје на ул. Ѓорче Петров бр. 7 - заден влез во дирекција на кат 2. во салата за едукации.

Пријавување на акционерите за учество на собрание на акционери на денот на одржување на собранието ќе се врши најдоцна до почетокот на седницата на собранието.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Право на учество во работата и право на глас во собранието има секој акционер лично или од него овластено лице кое ќе го застапува на собранието, со писмено полномошно, за што мора да го извести Друштвото по писмен пат или електронски.

Напомена : Согласно Законот за измена и дополнување на Законот за преземање на акционерски друштва (Сл. Весник на РМ бр. 248/2018 година) воведена е обврска за полномошникот задолжително да ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за намерата и причините за давањето на полномошно од повеќе акционери, во рок од 5 (пет) работни дена пред одржување на Собранието на акционери, во спротивно ќе се смета дека остварувањето на правото на глас врз основа на овластувањата дадени од повеќе акционери на тоа лице е прикриен начин на договарање чија цел е стекнување и зацврстување на контролата врз друштвото.

За полномошник на годишното собрание може да бидат овластени лица кај кои постои конфликт на интереси, само под услов ако тие претходно им обелоделиле на акционерите дека кај нив постои конфликт на интерес и добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници, за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на седницата на годишното собрание за која им важи полномошното.

Податок за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на посебен линк на интернет страницата на Друштвото www.skopskipazar.com.mk

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право по писмен пат да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред до свикувачот на собранието - Управниот одбор..

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред,предлози на одлуки и прашања најдоцна во рок од 8 дена од објавувањето на јавниот повик за одржување на седница на Собранието на акционери.

Материјалите за Собранието на Друштвото и дополнителни информации согласно Законот за трговски друштва им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик секој работен ден во Дирекцијата на Друштвото (кат 2 соба 211) и на интернет страницата на Друштвото: www.skopskipazar.com.mk и се достапни на посебен линк, кој може да се превземе.

**СКОПСКИ ПАЗАР АД**
**УПРАВЕН ОДБОР,**